МАЛВП-217/2024

**ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ОСНОВНИОТ СУД ВО БИТОЛА** со судијата Дејан Крстанов како судија поединец, решавајќи по тужбата на тужителот Приватна установа за деца - Детска градинка ТВИТИ Битола ул.Климент Охридски број 7 застапуван од полномошник адвокат Кристина Матовска од Битола, против тужените Јасмина Ристевска и Менде Гроздановски двата од Новаци ул.1 бб, основ долг, вредност 54.540,00 денари, без одржување на главна расправа, на ден 24.07.2024 година ја донесе следната:

# П Р Е С У Д А
## - поради неподнесување одговор на тужба -

Тужбеното барање СЕ УСВОЈУВА.

СЕ ЗАДОЛЖУВААТ тужените солидарно да му платат на тужителот на име долг износ од 54.540,00 денари со казнена камата во висина на референтната стапка на НБРСМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, зголемена за 8 процентни поени, сметано од 24.07.2024 година до исплатата, како и парнични трошоци во износ од 19.900,00 денари, сето ова во рок од 8 дена од приемот на пресудата. Поголемото барање за трошоци, СЕ ОДБИВА.

**О б р а з л о ж е н и е**

Тужителот поднел тужба за долг, бидејќи тужените иако имале склучено договор со него за примање на згрижување и воспитување на нивното заедничко малолетно дете Менде Ристевски, сепак не му платиле надоместок од по 9.000,00 денари за период од шест месеци сметано од 10.2022 година заклучно со 03.2023 година, како и не му платиле надоместок за детскиот весник Росица во износ од 540,00 денари или останал неплатен износ во висина од 54.540,00 денари, што произлегувало од вештачењето. Од тие причини предложи да се усвои тужбеното барање. Трошоци на постапката побара.

Тужбата со доказите заедно со поканата за давање одговор на тужба биле уредно доставени до тужените, меѓутоа ниту во оставениот рок од 15 дена, ниту до денот на одлучувањето, тие не доставиле одговор на тужба и воопшто не се произнеле по тужбата, наводите и доказниот материјал од истата.

Исто така, при одлучувањето судот ги ценеше доказите приложени кон тужбата, па видно и од истите, судот најде дека се исполнети законските услови за донесување на пресуда поради неподнесување одговор на тужба, како и дека не се работи за барање со кое странките не можат да располагаат, сето ова согласно чл.319 од ЗПП в.в. со чл.10 ст.1, чл.251 ст.1, чл.266 ст.1 и чл.266-а од ЗОО, чл.45 ст.1 од ЗС, како и чл.1 ст.1 и чл.3 ст.1 ал.1 од предметниот договор кој странките уредно го склучиле на ден 18.11.2020г.

Согласно чл.148 од ЗПП, тужените се должни солидарно да ги платат и процесните трошоци во износ од 19.900,00 ден. и тоа за: состав на тужба 6.500,00 ден. , истиот износ е и за присуство на вештачење, вешт наод 4.500,00 ден. (по Правилник за начинот на пресметување на наградата за извршеното вештачење или супер вештачење и надоместокот за реално потребните трошоци, Сл.весник на РМ бр.102 од 09.7.2014г. ), такса за тужба 1.600,00 ден. и такса за пресуда 800,00 ден. (половина од таксата за тужба). Состав на барање за вештачење, не е нужен трошок на постапката.

Од тие причини, се одлучи како е во изреката на пресудата.

Верно на оригиналот

ОСНОВЕН СУД БИТОЛА РСМ 17

**С у д и ј а,**
**Дејан Крстанов с.р.**

ПОУКА: Против оваа пресуда дозволено е право на жалба во' рок од 8 дена по приемот на пресудата, преку овој суд до Апелациониот суд во Битола.

Д-НА: полномошникот на тужителот и тужените - ЛИЧНА ДОСТАВА.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: СЕ ЗАДОЛЖУВА тужителот во' рок од 5 дена од доставување

на преписот од оваа пресуда да плати такса за одлука во износ од 800,00 денари на Буџетска сметка на РСМ 100000000063095 при НБРСМ приходна шифра (722211 за правни односно 722213 за физички лица), во спротивно истата ќе се наплати присилно преку решение на УЈП зголемена за 50 % по основа на казнена такса.